**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Комитет за следење на ИПАРД***

**Записник Бр. 4**

# Записник од четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

**<u>19 мај, 2009 / Клуб на пратеници, Скопје</u>**

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседавач:**

1. Г-дин Перица Иваноски (М-р), Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:**

2. Г-ѓа Валентина Стојановиќ, Шеф на кабинет, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. Г-дин Живко Брајковски, Раководител на сектор за европски интеграции, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
4. Г-дин Абдилгафар Синани, Раководител на сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
5. Г-ѓа Славица Јакимовска, Советник, Министерство за локална самоуправа,
6. Г-дин Александар Николовски, претставник на НИПАК, Секретаријат за европски прашања,
7. Г-ѓа Снежана Герасимова-Матевска, Советник, Министерство за култура,
8. Г-дин Јордан Кузмановски, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,
9. Г-дин Љубиша Николовски, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,
10. Г-дин Вељо Тантаров, Претседател, Сојуз на земјоделците на Македонија,
11. Проф. д-р Драги Димитриевски, Факултет за земјоделски науки и храна,
12. Г-дин Благој Игновски, Претседател, Движење на екологистите на Македонија,

**Присутни заменици на Комитетот за следење на ИПАРД :**

13. Г-ѓа Драгана Черепналковска, Министерство за животна средина и просторно планирање, замена за г-ѓа Јадранка Иваноска,
14. Г-дин Александар Зарков, Сојуз на стопански комори, замена на г-дин Зоран Даневски,
15. Г-ѓа Марија Ѓошевска Ковачевиќ, Федерација на фармери во Република Македонија, замена на г-дин Ѓоко Данаилов,
16. Г-ца Тина Петрова, Здружение на жени земјоделки „Агро-Винка“, Виница, замена за г-ѓа Олга Стојменова,
17. Г-дин Зоран Тодоровски, Комора на занаетчии на Република Македонија, замена за г-дин Ѓорѓи Кочовски,
18. Г-дин Васко Ристовски, Стопанска комора на Република Македонија, замена за г-ѓа Стојмирка Тасевска,

**Отсутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД (или нивни заменици):**

1. Г-ѓа Родопи Корнети-Јаковљевиќ, Раководител на сектор, Министерство за економија,
2. Г-дин Сашо Ристевски, Секретар, Македонска асоцијација на преработувачи,
3. Г-ѓа Наташа Вртеска, Заедница на единиците на локалната самоуправа.

***Резултати: Претседавачот на комитетот и сите 17 членови и нивните заменици со право на глас учествуваа на состанокот, од вкупно 21 со право на глас. Беше постигнат кворум со што се донесоа соодветни одлуки.***

**Претставници на Европската Комисија:**

1. Г-дин Вернер Шисел, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-АГРИ),
2. Г-ца Андреа Грајнер, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-АГРИ),
3. Г-дин Џон Баркер, Претставник од Мисијата на Европската Комисија во Република Македонија.

**Претставници на ИПАРД структурата:**

1. Г-ѓа Александра Николовска, Министерство за финансии, Национален фонд, претставник на (НАО),
2. Г-дин Тони Димовски, Директор, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Претставници во својство на набљудувачи:**

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Мисија на Република Македонија при ЕЗ,
2. Г-дин Виктор Калајџиски, Земјоделски кредитен и дисконтен фонд, Министерство за финансии,
3. Г-ѓа Биргит Шефер, Проект за поддршка на подготовка на ИПАРД во Република Македонија,
4. Г-дин Христо Ловачев, Секретаријат за европски прашања,
5. Г-дин Јетон Старова, Заменик директор, АгБиз, УСАИД,
6. Г-ѓа Билјана Лепавцова, Агенција за странски директни инвестиции на Република Македонија,
7. Г-дин Костадин Кус-Иванов, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
8. Г-ѓа Весна Илиевска, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството,
9. Г-ѓа Маја Брајовиќ , Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
10. Г-дин Газменд Саити, ЗФ Агрокултура – Липково.

**Претставници од Сектретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД:**

1. М-р Маргарита Делева - Државен советник за рурален развој/Раководител на Телото за управување со ИПАРД,

**- Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондовите и известување**

2. Г-ца Савица Стојановска, Помлад соработник, во улога на секретар на Комитетот за следење на ИПАРД,
3. Г-ца Василка Тамбуркова, Помлад соработник, во улога на помошник секретар на Комитетот за следење на ИПАРД,
4. Г-дин Виктор Младеновски, Виш соработник, во улога на презентер,
5. Г-ѓа Гордана Смилеска, Самостоен референт,

**- Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите**

6. Г-ѓа Тина Ангелеска, Помлад соработник, во улога на презентер,
7. Г-дин Александар Митревски, Помлад соработник, во улога на презентер,
8. Г-дин Стојан Гацов, Советник,

**- Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондовите и публицитет**

9. Г-ѓа Андријана Славковска, Советник, во улога на презентер,
10. Г-ца Маја Лазареска, Советник, во улога на презентер.

***Чек листа на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во Прилог 1 од овој Записник.***

## II. АГЕНДА

**Состанокот беше одржан според следнава Агенда:**

1. Почеток на состанокот и поздравен говор,
2. Одобрување на Агендата,
3. Усвојување на Записникот од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 27 мај, 2008) и Записникот од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 28 ноември, 2008),
4. Информација за одлуките превземени на третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД,
5. Усвојување на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД, кој е технички подобрен,
6. Информација за усвојување на стратешкиот плански документ на Европската Комисија за ИПАРД: Повеќегодишен индикативен плански документ 2009-2011,
7. Информација за напредокот во процесот на акредитација на ИПАРД оперативните структури; вклучувајќи ги резултатите постигнати од последните технички дискусии одржани на 20-21 април, 2009 во Брисел,
8. Презентација на предлогот за втори модификации на ИПАРД Програмата,
9. Координација со ИПА Мониторинг Комитет (одржан во ноември 2008); Информации од последниот ИПА МК; Информација за известување за следниот ИПА МК,

10. Информација за напредокот во системот за следење и проценка на ИПАРД Програмата (преземените активности и сумирање на Записникот од состанокот на управувачкиот комитет за следење и проценка),
11. Кампањата за публицитет на ИПАРД програмата; Информација за кампањата за публицитет на ИАПРД програмата; Имплементација на активностите од Акциониот план за публицитет за 2009 година; Одобрување на финалната верзија на Акциониот план за публицитет за 2009,
12. Мерка Техничка помош; Информација за подготовка на процедурите за користење на поддршката од мерката техничка помош пред пренесување на правото за управување; Презентација и усвојување на Акциониот план за техничка помош,
13. Напредокот во имплементацијата на мерката техничка помош на заедницата за реконструкција, развој и помош 2006, Проект за поддршка за подготовка на ИПАРД; Подготовка на подготвителните активности за акредитација на мерката техничка помош,
14. Разно,
    а) Презентација за НПАА активностите за 2009,
    б) Презентација за TAIEX активностите поврзани со ИПАРД Програмата за 2009,
15. Предлози за Агендата за следниот состанок/усогласување на датум за следниот состанок,
16. Затворање на состанокот.

## III. Резултати од состанокот на ИПАРД Комитетот за следење:

***Во врска со точка 1 од Агендата***:

Состанокот го отвори Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД и им посака добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

***Во врска со точка 2 од Агендата:***

Претседавачот се осврна на Агендата на состанокот која им беше доставена на сите присутни и отвори дискусија во однос на предложените точки од истата.

Г-ѓа Шефер, (СИПП) предложи да се избрише под-точката "Подготовка на подготвителните активности за акредитација на мерката техничка помош" од точка 13 од Агендата, со цел да се избегне преклопување на презентациите во точка 12. Претседавачот се сложи со дадениот предлог.

Во врска со крајните рокови за поднесување на документи и материјали за Комитетот за следење на ИПАРД, г-ца Грајнер истакна дека Секретаријатот треба да ги почитува крајните рокови како што е прикажано во Член 17(4) од Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД.

Во отсуство на други забелешки во однос на предложената Агенда, Претседавачот објави дека Комитетот ја одобри Агендата на состанокот.

*Одобрената Агенда е прикажана во **Анекс 1** од овој документ.*

***Во врска со точка 3 од Агендата:***

Согласно заклучоците од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 28 ноември, 2008), Претседавачот истакна дека нацрт Записникот од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 27 мај, 2008, не беше одобрен на третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, со оглед на тоа дека беа добиени коментари од страна на претставниците на ЕК, во однос на неговата структура. Записникот е изменет, согласно забелешките добиени од страна на ЕК и е приложен заедно со придружните материјали на четвртиот Комитет за следење на ИПАРД.

Г-ца Грајнер даде позитивно мислење по однос на нацрт Записникот од вториот Комитет за следење на ИПАРД како и нацрт Записникот од третиот Комитет за следење на ИПАРД.

Во отсуство на други коментари во однос на нацрт Записниците од страна на членовите на Комитетот, Претседавачот го потврди нивното усвојувањето за време на четвртиот Комитет за следење на ИПАРД.

***Според точка 3 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

***<u>Одлука бр.1</u>***

***Комитетот за следење на ИПАРД го усвои финалниот Записник од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 27 мај, 2008 година и финалниот Записник од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. одржан на 28 ноември, 2008 година.***

*Усвоениот Записник од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД од 27 мај, 2008 година и усвоениот Записник од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД од 28 ноември, 2008 година, се прикажани во* ***Анекс 2*** *од овој документ.*

***Во врска со точка 4 од Агендата:***

Г-ѓа Делева информираше за напредокот во имплементацијата на Одлуките превземени на третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД . Таа извести дека беа превземени следните активности:

1. Во однос на Одлуката бр. 2, за Записникот од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 27 мај 2008, Секретаријатот ги прифати техничките забелешки дадени од претставниците на ЕК и Записникот е ставен на усвојување на тековниот состанок
2. Во однос на Одлуката бр. 3 за воспоставување на Управувачки систем за проценка на ИПАРД Програмата, со претставници од Федерација на фармери, Стопанска комора, Асоцијација на фармери, Агенција за потикнување на развојот на земјоделството, Македонска Асоцијација на преработувачи, Сојуз на стопански комори, членови од научно-истражувачки институти и надворешни експерти, овозможено од страна на СИП проектот, беше подготвен предлог, но истиот сеуште не е одобрен од страна на Министерот, поради фактот што документацијата за неговиот прв состанок сеуште се подготвува и ќе се провери од страна на надворешни експерти ангажирани од страна на СИП проектот.

ТУ продолжува со подготовка на План за проценка, за што ќе се презентира во точка 10 од Агендата на овој состанок.

3. Во однос на табелите за следење, ТУ во соработка со ЕК и Платежната агенција, работеше на нивно подобрување. Тие се веќе подобрени и ставени на усвојување на тековниот состанок, за што ќе се презентира во точка 10 од Агендата на овој состанок.
4. Во однос на презентацијата за Акциониот план за комуникација и публицитет, ТУ изработи Акционен план, со временска рамка за активностите предвидени за 2009 година, како и коментарите од ЕК кои беа дадени на третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. Понатаму, ТУ заедно со Платежната агенција, изработи детален Акционен план за имплементација на активностите за публицитет. ТУ воспостави координативно тело со одлука на Министер, во јануари, 2009 година. За ова ќе се презентира во точка 11 од Агендата на овој состанок.

***Во врска со точка 5 од Агендата:***

Г-ѓа Делева ги образложи техничките подобрувања на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД (одобрен на првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 31 октомври, 2007). Промените се направени во насока на добиените упатства за координација на Комитетот за следење од страна на ЕК како и почитување на процедурата за Координација од страна на ТУ.

Во продолжение г-ѓа Делева укажа на промените во составот на Комитетот за следење, согласно Секторската спогодба, во однос на постигнување на баланс помеѓу претставниците од владини и невладини институции, како и новоназначениот Претседавач. Истакна дека Комитетот за следење на ИПАРД е формализиран врз основа на Министерска одлука што е приложена во пропратните материјали кои се доставени на овој состанок.

Г-ца Грајнер постави прашање во однос на балансот помеѓу владини и невладини претставници на Комитетот (10:10).

Г-дин Шисел додаде дека не треба да има повеќе од тројца претставници од едно министерство и праша, кои се причините да има тројца претставници од МЗШВ како членови на Комитетот за следење на ИПАРД.

Г-ѓа Делева објасни дека е направен напор да се вклучат заинтересираните одделенија од Министерството во работата на Комитетот за следење на ИПАРД, но прашањето во однос на балансирање на составот ќе биде поставено на претстојната Владина Одлука за Комитетот за следење на ИПАРД, пред спроведувањето на ИПАРД Програмата.

Во отсуство на други коментари на предложениот Деловник за работа, кој е технички подобрен, Претседавачот донесе одлука за негово усвојување.

***Според точка 5 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

***<u>Одлука бр.2</u>***

***Комитетот за следење на ИПАРД ги усвои техничките модификации на Деловникот за работа.***

*Усвоениот Деловник за работа е прикажан во* ***Анекс 3*** *од овој документ.*

***Во врска со точка 6 од Агендата:***

Г-ца Грајнер информираше за усвојување на Повеќегодишен Индикативен Плански Документ (МИПД), 2009-2011, како стратешки документ на ЕК за сите ИПА компоненти. Таа информираше дека МИПД беше одобрен во април, 2009 на ИПА МК во Брисел, со коментар за натамошна техничка измена на текстот од првата компонента (од ИПАРД). Согласно МИПД, резервирани се 14 милиони евра за 2011 година, за петтата компонента (ИПАРД) и за таа цел вкупниот износ на подршка од ЕУ пораснала за 45,5 милиони евра за финансискиот период 2007-2011.

Г-дин Николовски, постави прашање до ЕК, да потврди дали МИПД документот, кој е моментално во меѓуресорска консултација со ЕК, ќе биде споделен нацрт текстот со Р. Македонија во септември, на што г-ца Грајнер објасни дека модифицираниот документ ќе се презентира во јули, 2009 на ИПА МК, кој поради летните одмори, ќе биде одобрен со одлука на ЕК во септември.

Г-ца Грајнер напомена дека претстојната годишна ревизија на овој документ (МИПД 2010-2012) ќе се фокусира на големи структурни промени кога Програмата ќе биде во фаза на имплементација и вториот пакет со додатни мерки ќе биде спремен за акредитација.

Г-ѓа Делева праша, дали МИПД се наоѓа во фаза на меѓуресорски консултации или во консултации со невладини организации, заинтересирани страни и дали и кога ќе го добие НИПАК, на што г-дин Николовски одговори дека нацрт верзија на МИПД 2009-2011 во СЕП сеуште го немаат добиено, истиот се очекува по летните одмори од ЕК.

Г- ѓа Делева побара од г- дин Николовски да го достави овој документ штом ќе го добие, затоа што тоа е клучен документ за ИПАРД Програмата и натамошното програмирање на додатните мерки.

***Во врска со точка 7 од Агендата:***

Г-ѓа Николовска информираше за напредокот во процесот на акредитација на ИПАРД Оперативните структури. Исто така истакна дека акредитациониот пакет официјално е испратен до ЕК, на 18 март, 2009 година и е презентиран на техничкиот состанок на 20-21 април, во Брисел, пред ГД за земјоделство и рурален развој. Заклучоците од овој состанок се дека ИПАРД Оперативните структури треба да ги прилагодат прирачниците и процедурите согласно табелите со препораки и забелешки, подготвени од ГД за земјоделство и рурален развој и добиени на 30 април и повторно да го испратат акредитациониот пакет до ЕК до крајот на јуни, 2009. Мисијата за правото на пренесување на надлежности од ЕК е предвидена на есен и врз основа на резултатите од оваа мисија, акредитацијата се очекува најдоцна до крајот на 2009 година.

Г-дин Тантаров истакна дека веќе се доцни со имплементацијата на ИПАРД Програмата и побара објаснување во однос на ова прашање. Претседавачот објасни дека пред да се започне со имплементација на ИПАРД Оперативните структури треба да се добие Одлука од Комисијата за пренесување на правото

за децентрализираното управување со ИПАРД фондовите од назначените институции.

Г-дин Шисел дообјасни дека огромен напредок е постигнат и ги поттикна да продолжат со работа со исто темпо.

*Презентацијата на НАО е прикажана во **Анекс 4** од овој документ.*

**_Во врска со точка 8 од Агендата:_**

Г-ѓа Ангелеска, претставник на ТУ, ги презентираше Предлозите за втора модификација на ИПАРД Програмата, фокусирајќи се главно на подобрувањата, вклучувајќи го дефинирањето на руралните средини како географски подрачја за имплементација на Мерката 302 и прилагодување на Индикативните финансиски табели, во насока на вклучување на фондовите кои се резервирани за 2011. Таа истакна дека овие модификации се иницирани во јануари, 2009 и се дискутирани на техничко ниво со претставници од ЕК.

Г-дин Шисел истакна дека ТУ мора да ги следи процедурите и модификациите на ИПАРД Програмата да се одобрат на Комитетот за следење на ИПАРД, пред да се достават до ЕК како официјален предлог за модификации. ТУ треба да превземе соодветни чекори со цел да се постигне договор помеѓу ИПАРД Оперативните структури, пред доставување на Комитетот за следење за нивно усвојување.

Г-ца Грајнер, во однос на вторите модификации на ИПАРД Програмата даде предлог, Анекс 14 кој се однесува на структурата на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД, целосно да се избрише, бидејќи истиот како таков, веќе постои во Деловникот за работа. Исто така додаде дека овој документ ќе биде и понатаму коментиран од страна на ЕК како дел од внатрешните консултации кои ќе се одвиваат одкако ќе се добијат официјалните предлози.

**_Според точка 8 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:_**

***<u>Одлука бр.3</u>***

***Имајќи ја во предвид можноста за натамошно прилагодување на нацрт предлогот за Втора модификација на ИПАРД Програмата, 2007-2013, ТУ се задолжува да ги извести членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за втора модификација на ИПАРД Програмата и да побара нивно одобрување пред да се усвои од страна на ЕК. Согласно забелешките од ЕК дадени на овој состанок, Анекс 14 треба да се избрише.***

*Предлогот за втора модификација на ИПАРД Програмата 2007-2013 е прикажан во **Анекс 5** од овој документ.*

**_Во врска со точка 9 од Агендата:_**

Г-дин Николовски, ги информираше присутните за напредокот по ИПА Мониторинг Комитетот, одржан на 19 ноември 2008, на кој беше презентиран првиот извештај за 5та Компонента. Сеуште не е утврден датум со ЕК за следниот ИПА Мониторинг Комитет, истиот се очекува да се случи во втората половина на оваа година.

Г-ца Грајнер уште еднаш потсети дека извештаите од ИПА Компонентите треба да се изработуваат согласно темплејтот издаден од страна на ЕК.

Претседавачот го задолжи г-дин Николовски усвоениот записник од првиот ИПА МК да го достави до сите членови на Комитетот за следење на ИПАРД, на претстојниот состанок.

***Во врска со точка 10 од Агендата:***

Г-дин Младеновски, претставник од ТУ, истакна дека усвоените табели од третиот Комитет за следење на ИПАРД, се подобрени и во иднина ќе се подобруваат со информирање и усвојување на промените на секој нареден Комитет. Тој информираше за активностите кои се реализирани по претходниот Комитет за следење, во врска со подршка на експертите за Техничка помош од страна на СИП проектот како и формирање и активностите на работна група за следење, со утврдени членови на ИПАРД Оперативните структури, одговорни за воспоставување на систем за следење на ИПАРД Програмата.

Г-ца Грајнер заклучи дека презентираните табели за следење, се подготвени согласно водичите од ЕК. Таа исто така додаде дека сеуште има потреба за некои мали технички измени во Табелите за следење, во листата на индикатори, пред истите финално да се одобрат.

Во продолжение г-дин Митревски, информираше за активностите околу воспоставувањето на системот за проценка на ИПАРД Програмата. Истакна дека Управувачкиот Комитет за следење и проценка е во тек и треба да се официјализира, како и дека ТУ со помош од експерти за следење, донесени од страна на СИП Проектот работат на подготовка на нацрт стратегија за евалуација за индикаторите на ИПАРД Програмата и нивно подобрување. Паралелно ТУ изработува проектни задачи за ангажирање на надворешна експертиза за тековната евалуација. Финалниот нацрт на проектната задача треба да се достави на испитување до ЕК.

Претседавачот дообјасни дека се работи за суштинска точка и дека за секоја мерка има соодветен индикатор за остварување врз основа на кој се мери дали таа мерка е успешно спроведена. Сите промени треба да бидат усогласени со ЕК и да се одобрат на Комитетот за следење.

***Според точка 10 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

***Одлука бр.4***

***Комитетот за следење на ИПАРД ги разгледа и одобри измените на табелите за следење на ИПАРД Програмата 2007-2013 и му даде мандат на Телото за управување да ги финализира и достави табелите за следење до Европската Комисија.***

*Одобрените табели за следење се прикажани во **Анекс 6** од овој документ.*

***Во врска со точка 11 од Агендата:***

Г-ѓа Славковска, го презентираше финалниот нацрт на Акциониот план за публицитет како дел од планот за комуникација и публицитет на ИПАРД

Програмата 2007-2013. Таа ги извести присутните дека ТУ изготви план за Комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата, на кој ЕК даде коментари кои се земени во предвид и додадени во планот за комуникација.

Во продолжение г-ѓа Славковска, извести за веќе остварените активности како и планираните активности во согласност со Акциониот план за комуникација и публицитет.

Од страна на претставниците на ЕК се дискутираше за тоа дека можно е подршката од националниот буџет да не биде доволна за сите активности предвидени во Акциониот план. За таа цел, потребна е натамошна ревизија на предвидените активности, бидејќи имплементацијата на мерката Техничка помош е можна само во текот на наредната година. Беше побарано да се испрати подобрен Акционен план до ЕК за негова ревизија, пред истиот да се одобри од страна на ЕК.

***Според точка 11 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

***Одлука бр.5***

***Планот за комуникација и публицитет и соодветниот Акционен план ќе бидат предмет на понатамошно усогласување, во насока на вклучување на препораките од ЕК, пред да се пратат на нивно усвојување од страна на ЕК.***

*Нацрт Акциониот план за комуникација и публицитет за 2009 е прикажан во **Анекс 7** од овој документ.*

***Во врска со точка 12 од Агендата:***

Г-ца Лазареска, претставник од ТУ, ги информираше присутните за техничката помош за ИПАРД Програмата. Таа истакна дека имплементацијата се планира да започне во 2010 година со спремни процедури до крајот на 2009. Воедно таа ги информираше присутните за активностите кои се планирани за претстојниот период.

Г-дин Шисел праша како ќе се финансираат предвидените активности, со оглед на фактот дека имплементацијата на мерката Техничка помош може да започне дури од наредната година.

Г-ѓа Делева истакна дека КАРДС проектот ќе се искористи како преодно решение во периодот додека мерката Техничка помош биде акредитирана. ТУ е свесно за можните проблеми во иднина и подготовката на мерката Техничка помош е вклучена во Листата на проекти. Г-ѓа Делева објасни дека првата верзија на акредитацискиот пакет за мерката Техничка помош ќе биде испратена до Европската комисија веднаш по летниот период.

Во врска со ова прашање, г-дин Шисел потсети дека постапката за акредитирање на мерката Техничка помош е поедноставена и дека повратот на помошта доделена во рамките на оваа мерка може да биде извршен со исполнувањето на два услова: прво, постапката за акредитација на мерката Техничка помош да е во тек, и второ, ИПАРД Оперативната структура да добие Одлука од ЕК за пренос на правото за управување со ЕУ помошта.

Беше донесен заклучок, предложената временска рамка да ги вклучи чекорите кои се испуштени, за да се добие акредитација на предложениот документ.

***Според точка 12 од Агендата Комитетот за следење донесе одлука:***

***<u>Одлука бр.6</u>***

***Акциониот план за акредитација на Мерката Техничка Помош не беше одобрен и Комитетот за следење на ИПАРД го задолжи ТУ во консултација со ЕК истиот да се подобри.***

*Нацрт верзија на Акциониот план на мерката Техничка помош е прикажан во* ***Анекс 8*** *од овој документ.*

***Во врска со точка 13 од Агендата:***

Г-ѓа Шефер (СИПП) информираше за активностите превземени од страна на “КАРДС Проектот 2006” од самиот почеток на проектот на 3 ноември, 2008.

Во однос на активностите поврзани со “тренирање на тренери” г-дин Шисел побара натамошно образложение во одредувањето на целните групи со цел да се избегнат било какви конфликти на интереси од вработените во ИПАРД Оперативните структури.

Г-ѓа Шефер потврди дека со сигурност нема да има конфликт на интереси помеѓу вработените во ТУ и Платежната агенција, со оглед на тоа што овој тренинг е фокусиран на тренирање и обучување на вработените од советодавните служби за подготовка на формулари за апликација на потенцијалните корисници.

*Презентацијата за активностите на СИП проектот е е приложена во* ***Анекс 9*** *од овој документ.*

***Во врска со точка 14 од Агендата:***

Г-дин Брајковски, го презентираше напредокот на НПАА. Тој исто така информираше за Фарм регистерот кој во моментов е достапен во оперативна и во хард копи, но не и во електронска форма. Исто така ги презентираше активностите на ТАИЕХ кои ќе бидат превземени во 2009 година.

.

*Презентацијата за НПАА и ТАИЕХ активностите се приложени во* ***Анекс 10*** *од овој документ.*

***Во врска со точка 15 од Агендата:***

Претседавачот предложи наредниот есенски состанок да се одржи во октомври/почеток на ноември 2009. Исто така предложи нацрт Агендата за следниот есенски состанок на Комитетот за следење на ИПАРД да го содржи Записникот од четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, Планот за комуникација и публицитет, надграден со Акциониот план за период 2009-2010 и извештај за напредокот во неговата имплементација, ревидиран Акционен план за акредитација на Мерката техничка помош и напредокот на активностите кои се поврзани со истата, како и напредокот во воспоставувањето на Системот за следење и проценување.

***Во врска со точка 16 од Агендата:***

Претседавачот побара други коментари околу состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД и откако дополнителни коментари не беа дадени, тој заклучи дека состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е затворен.

ПОТПИСИ:

| **ВО ИМЕ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД** | **ВО ИМЕ НА СЕКТЕРИЈАТОТ** |
|---|---|
| М-р Перица Иваноски | М-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 06/11/2009 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ

# Чек листа за присуство на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Перица Иваноски, Претседавач | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| | | | **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | **МЗШВ** | √ | | | | **0** |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | **МЛС** | √ | | | | **0** |
| 6. | Г-дин Александар Николовски | **СЕП** | √ | | | | **0** |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матевска | **МК** | √ | | | | **0** |
| 8. | Г-ѓа Родопи Корнети Јаковљевиќ | **МЕ** | | √ | | | **1** |
| 9. | Г-ѓа Јадранка Иваноска | **МЖСПП** | | | √ | Г-ѓа Драгана Черепналковска | **0** |
| | | | **АГЕНЦИИ** | | | | |
| 10. | Г-дин Јордан Кузмановски | **АПРЗ** | √ | | | | **0** |
| 11. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | **0** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ** | | | | | | | |
| **12.** | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | **Стопанска комора на Македонија** | | | √ | Г-дин Васко Ристовски | **0** |
| **13.** | Г-дин Зоран Даневски | **Сојуз на стопански комори** | | | √ | Г-дин Александар Зарков | **0** |
| **14.** | Г-дин Сашо Ристевски | **Македонска асоцијација на преработувачи** | | √ | | | **1** |
| **15.** | Г-дин Ѓоко Данаилов | **Федерација на фармери на Македонија** | | | √ | Г-ѓа Марија Ѓошевска Ковачевиќ | **0** |
| **16.** | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | √ | | | | **0** |
| **17.** | Проф. д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | **0** |
| **18.** | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | | √ | | | **0** |
| **19.** | Г-дин Благој Игновски | **Движење на екологистите на Македонија** | √ | | | | **0** |
| **20.** | Г-ѓа Олга Стојменова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | | | √ | Г-ца Тина Петрова | **0** |
| **21.** | Г-дин Ѓорѓи Кочовски | **Комора на занаетчии** | | | √ | Г-дин Зоран Тодоровски | **0** |
| | **ВКУПНО** | | **12** | **3** | **6** | | |